Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1410/1
21-02-2022 год.
СКОПЈЕ

**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Скопје**
**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

Врз основа на член 163 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.178/2021), одлуката бр. 02-117/24 од Наставно-научен совет и член 20 и 53 од Првилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), деканот на Фармацевтски факултет на 21.2.2022 година распиша

# О Г Л А С
## за демонстратори

За учебната 2021/2022 година – летен семестар се распишува оглас за избор на демонстратори:

- **1 (еден) демонстратор на Институтот за фармакогнозија**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за фармацевтска технологија**
- **1 (еден) демонстратор на Институтот за применета биохемија**
- **1(еден) демонстратор на Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи**

Кандидатите треба да ги исполнат следниве услови:
Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус студии со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум) на прв циклус студии.
Демонстратор може да биде избран студент од интегриран прв и втор циклус студии кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
Демонстраторите се избираат да учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работните задачи за тековната учебна година, односно за летниот семестар.
Факултетот со избраните демонстратори склучува договор за утврдување на меѓусебните права и обврски.
Кандидатите кон пријавата поднесуваат доказ за исполнетост на условите утврдени со огласот и куса биографија.
Пријавата со потребните документи се поднесува во архивата на факултетот најдоцна во рок од 5 (пет) дена од објавување на огласот.

Декан

Проф. д-р Зоран Стерјев

Универзитет Св. Кирил и Методиј · Република Северна Македонија · Фармацевтски факултет Скопје